ПРОГРАМА ЗА **ПАРЛАМЕНТАРНА ПОДДРШКА**
PROGRAMI PËR **MBËSHTETJE PARLAMENTARE**
**PARLIAMENT SUPPORT** PROGRAMME

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

**Swiss Agency for Development and Cooperation SDC**

Извештај од набљудување бр. 1/2026

–

# ПОГЛЕД НА СОБРАНИЕ: ИЗВЕШТАЈ ОД НАБЉУДУВАЊЕТО НА КВАЛИТЕТОТ НА ДЕБАТАТА ВО СОБРАНИЕТО (ЈУЛИ – ДЕКЕМВРИ 2025)

**АВТОРИ: АЛЕКСАНДРА ЈОВЕВСКА ЃОРЃЕВИЌ И ЈОАНА ТРЕНЕСКА**

**ФЕВРУАРИ 2026**



ИМПЛЕМЕНТИРАНО ОД:

NDI
NATIONAL DEMOCRATIC INSTITUTE

IDSCS

CENTER FOR CHANGE MANAGEMENT

*Оваа публикација е изработена во рамките на Програмата за парламентарна поддршка (ПСП), проект на Владата на Швајцарија под покровителство на Собранието на Република Северна Македонија. ПСП ја спроведуваат Националниот демократски институт (НДИ), Институтот за демократија „Социетас цивилис" - Скопје (ИДСЦС) и Центарот за управување со промени (ЦУП). Искажаните мислења, ставови и содржини не ги отсликуваат ставовите на проектот, донаторот и спроведувачот.*

# СОДРЖИНА


| | | |
|---|---|---|
| I. | **МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕ** | **5** |
| II. | **ВОВЕД И ПОЛИТИЧКИ КОНТЕКСТ** | **7** |
| III. | **РЕЗИМЕ** | **10** |
| IV. | **КВАЛИТЕТ НА ДЕБАТА** | **15** |
| | Оцена за квалитет на дебата | 15 |
| | Тип на дискусии | 16 |
| | Степен на аргументација | 22 |
| | Одговорност | 26 |
| | Сила на подобар аргумент | 27 |
| | Извештаи на независни и регулаторни тела | 28 |
| V. | **ПОЧИТ, ПРЕКИНИ И ОГРАНИЧУВАЊА** | **31** |
| | Однос кон аргументите и личноста на другите пратеници | 31 |
| | Однос кон аргументи и личност според типот на учесници во дискусијата | 33 |
| VI. | **МАРГИНАЛИЗИРАНИТЕ ГРУПИ ВО СОБРАНИЕТО** | **37** |
| VII. | **ДЕМОГРАФИЈА НА ГОВОРНИЦИ** | **41** |
| VIII. | **ПРЕПОРАКИ** | **45** |
| IX. | **ПРИЛОГ 1 – ИНДЕКС НА КВАЛИТЕТ НА ДЕБАТА** | **48** |

ИМПРЕСУМ

**Наслов:** Поглед на Собрание: Извештај од набљудувањето на квалитетот на дебатата во Собранието (јули – декември 2025)
**Издавач:** Институт за демократија „Социетас Цивилис" - Скопје
**Автори:** Александра Јовевска Ѓорѓевиќ и Јоана Тренеска
**Уредник:** Марко Трошановски
**Дизајн:** Дејан Кузмановски
**Печатница:** Ројал Арт

**Место и година на издавање**
Скопје, февруари 2026

**Тираж**
25 копии

# I. МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕ

Квалитетот на дебатата во Собранието се анализира со користење на „Индексот за квалитет на дебата“. Индексот е инструмент што овозможува секој одделен акт на говор на набљудуваната седница да се кодира според неколку главни карактеристики:

- степен на аргументираност на говорот (колку аргументи има во секоја дискусија);
- степен на почит на говорникот кон другите пратеници и нивните аргументи;
- отвореност за прифаќање на туѓите аргументи и менување на сопствените ставови поради поквалитетни аргументи изнесени во расправата;
- можност за пратениците непречено да ги изнесат своите ставови.

Во полугодишните извештаи од набљудувањето на квалитетот на дебатата во Собранието се вклучува и **генералната оцена на квалитетот на дебатата според индексот на квалитет на дебата - Discourse Quality Index (DQI).** Овој индекс му дава средна оцена од 1 до 10 на квалитетот на дебата во Собранието.

Со овој индекс се опфаќаат степенот на образложение (20% од оцената), опфатот на образложение (5%), одговорноста (20%), силата на подобар аргумент (20%), односот кон учесници од друга партија (10%), односот кон аргументи на учесници од друга партија (10%), односот кон надворешни учесници (2,5%), односот кон аргументи на надворешни учесници (2,5%%), прекин (5%) и ограничување (5%), како индикатори.

Еден (1), како најниска оцена значи дека пратениците не користат ниеден аргумент за време на нивните обраќања, не се повикуваат на одредени принципи, ги изврттуваат аргументите, немаат промена на став и не прифаќаат аргументи, немаат референца кон аргументите на другите или имаат промена на став, но не поради аргументите на другиот. Оцената еден (1), исто така, значи дека пратениците покажуваат непочитување кон други учесници и нивните аргументи (пратеници или надворешни учесници), дека има прекин на дискусијата и дека во одреден момент имало физички прекин на говорниците. Од друга страна, оцената десет (10), која значи дека квалитетот на дебатата е одличен, значи дека пратениците користат повеќе од два аргумента или минимум еден аргумент во нивните обраќања, се повикуваат на одредени принципи, адресираат аргументи соодветно, има промена на став поради подобри аргументи, покажуваат почитување кон личноста и аргументите на другите учесници во дискусијата (пратеници или надворешни учесници), нема прекин на дискусијата и нема ограничување на правото на говор.

Повеќе детали околу методологијата на оценувањето во Прилог 1.

# II. ВОВЕД И ПОЛИТИЧКИ КОНТЕКСТ

Согласно со Уставот, Собранието на Република Северна Македонија ја има законодавната власт и во овој мандат е составен од 120 пратеници. Пратениците се избираат на непосредни избори, по пат на пропорционални изборни листи, со мандат од четири години. Актуелниот парламентарен состав кој е цел на овој извештај на набљудување, беше изгласан на единаесеттите парламентарни избори на 8 мај 2024 година. Изборите беа спроведени во фер и демократска атмосфера, без значителни нерегуларности. Учествуваа 17 политички субјекти, а убедлива победа оствари ВМРО-ДПМНЕ[1] и коалицијата „Твоја Македонија" со 58 мандати. Коалицијата „За европска иднина" предводена од СДСМ[2] освои 18 мандати, коалицијата „Европски фронт" предводена од ДУИЗ[3] - 18, коалицијата „Вреди" (Влен) - 14, Левица - 6, а новоформираната политичка партија Движење ЗНАМ за наша Македонија - 6. Новото парламентарно мнозинство беше формирано со 78 пратеници (ВМРО-ДПМНЕ, „Вреди" и ЗНАМ), додека опозицијата броеше 42 (СДСМ, ДУИ и Левица).

По речиси една година од конституирањето на новиот парламентарен состав, Арбен Таравари, лидерот на едното крило на Алијанса за Албанците (АА), најави самостоен настап на партијата надвор од коалицијата „Вреди" (Влен) на претстојните локални избори кои се одржаа есента 2025 година. Набргу по донесената одлука, останатите лидери на „Вреди" најавија обединување на сите членки на коалицијата во единствена политичка структура, со формирање заеднички органи и обединето настапување на локалните избори[4]. Сепак, најавуваното обединување не се случи до есента 2025 година, па така на локалните избори „Вреди" повторно настапи како коалиција. Наглите промени во албанскиот политички блок отворија прашања околу новата композиција на парламентарното мнозинство. На 12 мај, Таравари официјално најави повлекување на партијата од Владата и од коалицијата „Вреди", наведувајќи дека причина се неисполнети ветувања кон нивните гласачи.[5] Партиските одлуки доведоа до реструктурирање на пратеничката група на „Вреди" каде што тројца пратеници, членови на Алијанса за Албанците на Таравари, ја напуштија владејачката коалиција, со што парламентарното мнозинство се намали на 75 пратеници. Со повлекувањето на тројца албански пратеници од мнозинството, се отвори прашањето околу потенцијатните предизвици за гласање закони преку Бадентеровото мнозинство. Недостатокот на пратеници од немнозинските етнички заедници во рамките на владината коалиција веќе резултираше со неуспешно донесување одредени закони кои ги засегаат етничките заедници, како што се измените на Изборниот законик, изборот на членови на Програмскиот совет на МРТВ и други слични одлуки.

1 Внатрешна македонска револуционерна организација – Демократска партија за македонско национално единство (ВМРО–ДПМНЕ)
2 Социјалдемократски сојуз на Македонија (СДСМ)
3 Демократска унија за интеграции (ДУИ)
4 „Коалицијата „Влен" се трансформира во нова партија," Вечер Прес, 21 април 2025 година, <https://www.vecer.press/koaliczijata-vlen-se-transformira-vo-edna-partija/>
5 „Алијансата за Албанците на Таравари оди во опозиција", Радио Слободна Европа, 12 мај 2025 година <https://www.slobodnaevropa.mk/a/alijansata-za-albancite-na-taravari-odi-vo-opozicija/33411807.html>

Политичката и општествената состојба во земјата дополнително се дестабилизираше на 16 март 2025 година, по катастрофалниот пожар во дискотека во Кочани, при што трагично загинаа 62 млади лица, а над 190 беа повредени.[6] Трагедијата, која се случи како резултат на сериозни законски прекршоци и непочитување на безбедносни прописи на локално и на државно ниво, ја актуелизираше загриженоста во јавноста за распространетоста на корупцијата и за ефикасноста на институционалните безбедносни механизми. Како првичен одговор на трагедијата, Собранието одлучи да ги откаже сите седници во следните две седмици за дополнително да не ја подгреваат веќе тензичната и траорната атмосфера.[7] Одлуката пратениците да паузираат во време на криза наиде на многу критики од јавноста, при што поранешен собраниски претседател ја опиша како признание за нефункционалноста на институцијата.[8] Од друга страна, локалните пратенички канцеларии во тој регион се активираа веднаш по трагедијата, каде што граѓаните беа во можност да им се обратат на дел од пратениците од изборна единица 3. По двонеделната пауза, Собранието презеде конкретни законски мерки: забрани пиротехника во јавни затворени простори и наложи регулација на угостителските објекти што ја попречуваат работата на итните служби. Пратениците не успеаја да ја спроведат својата надзорна улога за трагедијата, односно на 4 јуни 2025 година пропадна вториот обид на пратеничката група на партијата Левица за свикување надзорна расправа, откако не наиде на поддршка од страна на владејачкото мнозинство. Пратеникот и претседател на Левица, Димитар Апасиев, поднесе тужба во Управниот суд против Собранието и претседателот на Собранието за неделовничко и противзаконско поништување на уредно закажаната Надзорна расправа.[9]

Во првата половина на 2025 година, фокусот на јавноста се префрли и кон најавената Реформска Агенда на Владата како дел од новата фаза на евроинтегративниот процес и т.н. „План за раст“ на Европската Унија. Имајќи предвид дека овие реформи бараат силен демократски капацитет, транспарентна комуникација и конструктивна собраниска дебата, се наметнува зголемена потреба од активна и одговорна улога на Собранието во процесот на надзор, креирање политики и вклучување на јавноста. Во однос на предусловот поставен од Бугарија за одглавување на евроинтегративниот процес, комесарката за проширување Марта Кос за време на ЕУ-самитот го повтори наративот дека двете држави мора да ја продолжат соработката и Северна Македонија да ги спроведе уставните измени за да го искористи неодамна отворениот прозорец за проширување на Унијата.[10]

6 „Колективна тага и траума по трагедијата во Кочани“, Радио Слободна Европа, 18 март 2025 година, <https://www.slobodnaevropa.mk/a/taga-trauma-kocani-zrtvi-/33351579.html>

7 „Собранието ги откажа сите активности и оваа недела“, Телевизија Сител, 25 март 2025 година, <https://sitel.com.mk/sobranieto-gi-otkazha-site-aktivnosti-i-ovaa-nedela>

8 „Петковски: Собранието да се самораспушти, во најтешкиот момент ги напушти граѓаните“, Слободен печат, 25 март 2025 година, <https://www.slobodenpecat.mk/petkovski-sobranieto-da-se-samoraspushti-vo-najteshkiot-moment-gi-napushti-gragjanite/>

9 „Апасиев ќе ги тужи Гаши и Собранието поради надзорната расправа за Кочани“, Слободен печат, 28 јули 2025 година, <https://www.slobodenpecat.mk/apasiev-kje-gi-tuzhi-gashi-i-sobranieto-poradi-nadzornata-rasprava-za-kochani/>

10 „Самит во Скопје – Со проширувањето може да се обедини Европа“, 1 јули 2025 година, <https://www.dw.com/mk/kos-clenstvoto-vo-eu-e-najdobar-nacin-da-se-zastiti-identitetot/a-73099991>

Локалните избори 2025 година (19 октомври прв круг и 2 ноември втор круг) се одржаа во контекст на засилена политичка чувствителност и правна неизвесност, со доцни измени на изборното законодавство кои имаа потенцијал да влијаат на изгледот на изборните листи и изборниот исход, особено околу независните кандидати и медиумското претставување. Правните празнини, нерамноправниот медиумски пристап и строгите кампањски правила создадоа структурна предност за поголемите партии и ја ограничија видливоста на помалите и независните актери, и покрај рекордниот број нивни кандидатури. Истовремено, изборите се одбележани со јасен пад на излезноста и рекорден број неважечки ливчиња, што укажува на растечки политички замор, ниска доверба во институциите и тивок протест. На овие избори, коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ освои најголем број општини, обезбедувајќи 33 градоначалнички победи во првиот круг и дополнителни 21 во вториот круг, како и градоначалничката функција во Град Скопје, вкупно 54 општини, плус главниот град. Коалицијата ВРЕДИ (ВЛЕН) постигна вкупно 9 победи – 5 во првиот и 4 во вториот круг, коалицијата предводена од СДСМ освои по 3 општини во секој изборен круг, вкупно 6, коалицијата предводена од ДУИ освои 3 општини во првиот и една во вториот круг, вкупно 4, додека партиите ЗНАМ и Унија на Роми освоија по една општина, двете во вториот круг, задржувајќи ограничено локално присуство. Во вториот круг беше избран и еден независен кандидат.

Во ноември започнаа судските постапки проврзани со катастрофалниот пожар во Кочани, што претставуваше клучен тест за капацитетот на обвинителството и судството да постапуваат по предмет со висок јавен интерес. Начинот на кој беа формулирани обвиненијата, опфатот на осомничените лица и динамиката на судската постапка отворија јавна дебата за тоа дали истрагата ќе резултира со целосно утврдување на индивидуалната и институционалната одговорност. Покрај судскиот процес, трагедијата беше присутна и во законодавниот дом, преку работата на Постојаната анкетна комисија за заштита на човековите слободи и права, која во декември 2025 година одржа седница посветена на случајот. Расправата беше одбележана со остри дебати меѓу пратениците и директни обраќања на семејствата на настраданите, кои побараа правда, институционална одговорност и утврдување на системските пропусти што довеле до трагедијата.

Во декември 2025 година, државниот јавен обвинител Љупчо Коцевски поднесе неотповиклива оставка непосредно пред да се отвори постапка за негово разрешување во Собранието, наведувајќи дека против него се води политички мотивиран процес и дека ваквите постапки претставуваат сериозно загрозување на независноста на обвинителството и на принципите на владеење на правото. Оставката, со која беше пресечена можноста за парламентарна расправа за неговото разрешување, дополнително ја засили перцепцијата за институционална криза и недовербата во капацитетот на системот да обезбеди одговорност без политички влијанија.

# III. РЕЗИМЕ

Оцената за квалитетот на дебата за периодот јули – декември 2025 година, на скала од 1 до 10 е 5,7, што е на исто ниво со квалитетот на дебатата во првото полугодие на 2025 година. Имајќи предвид дека квалитетот на дебатата во првите седум месеци од овој парламентарен состав (јуни – декември 2024 год.) беше оценето со 5.5, може да се заклучи благо подобрување во квалитетот на дебатата и задржување на тоа ниво. Сепак, подобрувањето е релативно скромно и укажува на тоа дека структурните и содржинските предизвици во парламентарната расправа сè уште се присутни.

Активноста на пратениците беше набљудувана според тоа колку често се јавиле за збор и колку минути се задржале на пратеничката говорница. Меѓу пратениците кои најчесто се јавиле за збор, се најдоа седум пратеници од опозицијата и тројца пратеници од власта. Во однос на тоа колку долго се задржале пратениците на говорница, во првите десет се најдоа осум пратеници од опозицијата и двајца од мнозинството. Тројцата пратеници кои на собраниската говорница се задржаа најдолго и најмногу пати се јавиле за збор се Сали Мурати, Фатмир Битиќи и Јованка Тренчевска. Меѓу десетте пратеници кои најчесто се јавуваа за збор и/или најдолго се задржаа на говорница во овој период на набљудување има четири жени и седум мажи.

Во 21% од сите анализирани дискусии, учесниците во парламентарната дебата немаа аргументи за поддршка на нивните позиции, додека во 49% од анализираните дискусии имаа слаба аргументација, односно говорниците им понудија образложение на своите позиции што не е доволно да се смета за еден целосен аргумент. Во 21% од набљудуваните дискусии говорниците користеа барем еден аргумент за да ја образложат нивната позиција. Нивото на аргументирање во 2025 година бележи благо подобрување во споредба со второто полугодие на 2024 и 2023 година. Доколку се анализира степенот на аргументација на говорите според типот на говорите, се забележува дека аргументацијата е изразено пониска во репликите и контрарепликите споредено со говорите, што значително придонесува кон ниската средна оцена на квалитет на дебата во Собранието.

Во однос на тоа како пратениците одговараат на упатени аргументи кон нив од страна на други пратеници, набљудувањето забележува дека само во 10% од нивните излагања, пратениците соодветно ги адресирале аргументите, односно пратеникот/пратеничката директно одговорил/а на аргументи што претходно му ги упатил друг учесник во дискусијата. За разлика од претходните периоди на набљудување, во кои беше евидентиран континуиран тренд на подобрување, во овој период е забележан најнизок процент на соодветно адресирање на аргументите.

Во периодот јули – декември 2025 година пратениците во мнозинството од своите говори, не се осврнаа ниту кон аргументите на соговорниците[11] (78%) ниту кон нивната личност (78%).[12] Овој однос е речиси на исто ниво со претходниот период на набљудување. Во овој период беше набљудувано разгледувањето на четири извештаи[13] од независни и регулаторни тела поднесени до Собранието. За еден извештај не се водеше дискусија, додека за останатите три извештаи дискусијата беше значително кратка, што значи во овој дел на надзорна улога на Собранието, изостана позначително одредено ниво на контрола.

Во набљудувачкиот период се одржаа три редовни и две дополнителни седници на пратенички прашања за опозицијата. Редовните пратенички прашања за септември и октомври не се реализираа поради одлуката на пратениците да не заседаваат за време на изборната кампања за локалните избори.

Извештајот го потврдува и опаднатиот осврт на пратениците кон правата на маргинализираните групи, низ сите периоди на набљудување. Забележано е дека пратениците во 79% од нивната дискусија, што претставува извесно подобрување од минатиот период кога процентот достигна 87%. Забележано е дека пратениците во најголем дел од нивните излагања не се осврнуваат кон правата на маргинализираните групи, доколку специфично не се дискутира за одреден закон или тема на дневен ред поврзано за нивните права.

Препораки за унапредување на квалитетот на парламентарната дебата:

- Да се зголеми квалитетот и аргументираноста на парламентарната дебата преку системско унапредување на подготовката и излагањата на пратениците.
- Да се зајакнат знаењата, дебатните и ораторските вештини на пратениците преку континуирана обука и едукација, при што ќе се обезбеди системска поддршка за новоизбраните пратеници, со посебен фокус на аргументирано излагање и ефективна употреба на достапните аналитички алатки.

---

11 Терминот „политичка опција“ се однесува на политичка партија или коалиција, конкретно разграничени како мнозинство или опозиција. Мнозинството ги претставува пратениците чии партии или коалиции ја формираат Владата и имаат парламентарно мнозинство, додека опозицијата ги претставува пратениците чии партии или коалиции не се на власт.

12 Терминот „личност“ се однесува на личните карактеристики на говорникот, како што се неговиот карактер, мотивите или потеклото, наместо на содржината на неговите аргументи.

13 Годишен извештај за извршените ревизии и за работата на Државниот завод за ревизија за 2024 година (набљудувана дискусија на пленарна седница бр. 68, одржана 12 септември 2025 година) – нема дискусија; Годишен извештај за работата на Државниот совет за превенција на детско престапништво и правда за деца за состојбите во областа на правата на детето и детското престапништво за 2024 година (набљудувана дискусија на пленарна седница бр.68, одржана 12 септември 2025 година) – слаба дискусија; Годишен извештај за 2022 година и 2023 година за спроведување на Стратегијата за родова еднаквост 2022-2027 и Национален акциски план за родова еднаквост 2022-2024 (набљудувана дискусија на Комисија за еднакви можности на жените и мажите бр. 10, одржана на 25 декември 2025) – слаба дискусија; Годишен извештај за работењето на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување во 2024 година и финансиски извештаи за 2024 година (набљудувана дискусија на пленарна седница бр. 68, одржана на 1 септември 2025 година) – слаба дискусија;

- Да се користат поинтензивно и поефективно услугите, анализите и истражувањата на Парламентарниот институт и Парламентарната буџетска канцеларија.
- Активно да се применува Процената на влијанието на регулативата (ПВР) во работата на Собранието, вклучително и за предлог-законите поднесени од пратеници.
- Скратените законодавни постапки, вклучително и т.н. „европско знаменце", да се користат внимателно и само во ограничени и оправдани контексти, со цел да не се ограничува парламентарната дебата.
- Да се зајакне надзорната улога на Собранието преку поактивно следење и оценување на стратешките политики и реформските процеси на Владата.
- Да се поттикне поголемо вклучување на граѓаните, невладиниот сектор и експертската јавност во законодавниот процес, вклучително и преку законодавни јавни расправи.
- Да се поттикне користење примери од искуствата, интересите и потребите на граѓаните во парламентарните дебати и активно да се реагира на дискриминаторски и сексистички говор.
- Да се примени календар на пленарните и комисиските седници со цел зголемена предвидливост, подобра подготовка и поквалитетна парламентарна дебата.

# IV.

## КВАЛИТЕТ НА ДЕБАТА

# IV. КВАЛИТЕТ НА ДЕБАТА

## ▪ ОЦЕНА ЗА КВАЛИТЕТ НА ДЕБАТА

Актуелниот пратенички состав е избран на парламентарните избори одржани во мај 2024 година. Оттогаш се изработени три анализи за квалитетот на дебатата што се однесуваат на овој состав: првата ја опфаќа периодот јуни – декември 2024 година, односно првите седум месеци од нивниот мандат, втората го опфаќа периодот јануари – јуни 2025 година, и третата, односно оваа анализа, го опфаќа второто полугодие на 2025 година, јули – декември. Анализите подготвени пред овие три споменати периоди се однесуваат на претходните парламентарни состави.

Квалитетот на дебатата е оценет со 5,7 (од 1 до 10), што претставува мало подобрување во однос на првото полугодие од мандатот на овој парламентарен состав (јуни – декември 2024 година) кога оцената беше 5,5.

Оцената за квалитетот на дебата за периодот јули – декември 2025 година, на скала од 1 до 10 е 5,7, што е на исто ниво со квалитетот на дебатата во првото полугодие на 2025 година. Имајќи предвид дека квалитетот на дебатата во првите седум месеци од овој парламентарен состав (јуни – декември 2024 година) беше оценето со 5.5, може да се заклучи благо подобрување во квалитетот на дебатата, и задржување на тоа ниво. Сепак, разликата е релативно скромна и укажува на тоа дека структурните и содржинските предизвици во парламентарната расправа сè уште се присутни.

**ОЦЕНКАТА ЗА КВАЛИТЕТОТ НА ДЕБАТА ЗА ПЕРИОДОТ ЈУЛИ – ДЕКЕМВРИ 2025 ГОДИНА, НА СКАЛА ОД 1 ДО 10**



Со оцена 5.7, дискусијата во Собранието и понатаму не ја достигнува минималната потребна оцена за да се смета за здрава дебата, особено имајќи ги предвид слабите резултати во однос на отвореноста за прифаќање туѓи аргументи, подготвеноста за менување на сопствените ставови поради аргументи изнесени во расправата и нискиот степен на аргументирана поткрепа на изнесените ставови. Генерално, квалитетот на дебатата, и покрај благото подобрување, сепак останува на ниско ниво со значителен простор за унапредување.

## ТИП НА ДИСКУСИИ

Овој период (јуни – декември 2025 година) 21% од набљудуваните дискусии беа дел од пленарни седници, 65% беа комисиски расправи[14], 11% беа дел од пратеничките прашања и 2.5% беа јавни расправи. Вкупно се набљудувани 1 412 одделни излагања на пратеници и надворешни учесници[15] во дебатата. Во втората половина од 2025 година се одржаа вкупно три редовни седници на пратенички прашања и две дополнителни пратеничка прашања резервирани за опозицијата. Седниците за пратенички прашања за септември и октомври 2025 година не се одржаа поради одлуката на Собранието да не заседава за време на изборната кампања за локалните избори кои се одржаа на 19 октомври 2025 година (прв круг) и 2 ноември (втор круг). Од набљудуваните акти, 92% беа спроведени со нормална постапка, 7% со скратена постапка, додека 1% од набљудуваните акти во Собранието се разгледуваа со европско знаменце.

Најдебатирани теми во овој набљудувачки период беа предлогот за буџет на државата за 2026 година, како и предлогот за изменување и дополнување на буџетот за 2025 година. Пратениците, исто така, значително време издвоија и на дебатата за предлог на законот за Судски совет, предлогот на закон за установи за средно образование на верските заедници, извештајот на Европската комисија за Република Северна Македонија за 2025 година, јавната расправа на тема „Заштита на децата и младите од штетните влијанија и последици од пушењето", предлог на закон за издавање вредносни ваучери, предлогот на закон за внатрешни работи.

14 Набљудувани комисии: Комисија за политички систем и односи меѓу заедниците, Комисија за европски прашања, Комисија за финансирање и буџет, Комисија за деловнички и мандатно-имунитетни прашања, Комисија за економски прашања, труд и енергетска политика, Комисија за здравство, Комисија за локална самоуправа, Комисија за надворешна политика и надворешна трговија, Комисија за надзор над спроведување на мерките за следење на комуникациите, Комисија за образование, наука и спорт, Комисија за одбрана и безбедност, Комисија за прашања на изборите и именувањата, Комисија за социјална политика, демографија и млади, Комисија за транспорт, дигитална трансформација, животна средина и просторно планирање, Постојана анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот, Национален совет за евроинтеграции.

15 Како надворешни учесници во дискусијата во Собранието се сметаат сите говорници во пленарните и комисиските седници што не го држат статусот пратеник, но имаат право на учество во собраниската дебата, како на пример Премиерот, министрите, претставници на регулаторни тела и агенции итн.

Според политичката припадност на пратениците говорници од набљудувањето во овој период, произлегува дека пратениците од власта составена од коалицијата „Твоја Македонија“ предводена од ВМРО – ДПМНЕ, коалицијата „Вреди“ и движење ЗНАМ – учествуваа во 37% од набљудуваните дискусии, додека опозицијата составена од коалицијата „За европска иднина“ предводена од СДСМ, коалицијата „Европски фронт“ предводена од ДУИ и партијата Левица учествуваа во 63% од набљудуваните дискусии.

**Графикон 1. Политичка припадност на пратениците говорници. (%)**




Меѓу пратениците кои најчесто се јавиле за збор, се најдоа седум пратеници од опозицијата и тројца пратеници од власта. Во однос на тоа колку долго се задржале пратениците на говорница, во првите десет се најдоа осум пратеници од опозицијата и двајца од мнозинството. Тројцата пратеници кои на собраниската говорница се задржаа најдолго и најмногу пати се јавиле за збор се: Сали Мурати, кој зборувал 433 минути, а за збор се јавил 76 пати, Фатмир Битиќи, кој зборувал 336 минути, а за збор се јавил 74 пати и Јованка Тренчевска која зборувала 285 минути, а за збор се јавила 68 пати. Меѓу десетте пратеници кои најчесто се јавуваа за збор и/или најдолго се задржаа на говорница во овој период на набљудување има четири пратенички: Јованка Тренчевска, Даниела Николова, Драгана Бојкоска и Сања Лукаревска и седум пратеника: Сали Мурати, Фатмир Битиќи, Љупчо Пренџов, Бојан Стојаноски, Халил Снопче, Оливер Спасовски и Реџеп Исмаил. ▶

**Графикон 2.** **Пратеници кои најдолго се задржале на говорница во Собрание во периодот јули – декември 2025 година.**



**Графикон 3.[16] Пратеници кои најчесто се јавувале за збор во периодот јули – декември 2025.**




16 Графиконот прикажува кои пратеници/пратенички биле најактивни од вкупно набљудувани 1 412 одделни дискусии или излагања на пратениците во периодот јули - декември 2025 година.

Според типот на набљудувани дискусии во овој период, поголем дел отпаѓаат на говори (61%), додека 22% од дискусијата отпаѓаат на реплики, 16% на контрареплики и 1% на процедурални забелешки. И покрај тоа што споредено со минатиот период на набљудување, се забележува благ пад на процентот на говори за сметка на процентот на реплики и контрареплики, сепак ваквата состојба укажува на релативно ниско ниво на интеракција помеѓу пратениците. Така, во поголемиот дел од дебатата во фокус се еднонасочно пренесување ставови кои најчесто немаат примател од другата страна, односно остануваат без реплика и без нивна особена поддршка или спорење од останатите пратеници. Овој тренд е забележан со промената на пратеничкиот состав по парламентарните избори.

> Со 61% учество на говорите во вкупните дискусии, парламентарната дебата и понатаму се одвива претежно како еднонасочно изнесување ставови, со ограничена интеракција и слаба размена на ставови меѓу пратениците.

**Графикон 4. Тип на дискусија (%)?**




Осврнувајќи се кон типот на дискусија според политичката припадност на говорниците, може да се забележи дека најголем дел од дискусијата е изнесена од страна на опозицијата преку нивните говори (67%) за точките на дневен ред, но и преку поголем дел од репликите (61%). За разлика од првите седум месеци од мандатот на овој парламентарен состав (јули – декември 2024) кога учеството на мнозинството и опозицијата во пратеничката дебата беше речиси изедначено, во 2025 година се забележува дека опозицијата е видливо поприсутна на собраниската говорница.

Иако во второто полугодие на 2024 година беше забележана поголема рамномерност во дебатата, податоците од 2025 година покажуваат дека распределбата на говорите и репликите е изразито нерамномерна. Ова укажува дека трендот на поголема рамномерност забележан во 2024 година не се задржал и дека смената на парламентарниот состав не резултирала со конзистентна позитивна промена во квалитетот на дебатата.

**Графикон 4.1 Тип дискусија според политичка припадност (%)**




Собранието на 20 ноември 2023 година го изгласа новиот Деловник за работа на законодавниот дом што се применува од новиот парламентарен состав формиран по изборите во мај 2024 година. Новиот Деловник, покрај редовните пратенички прашања кои се реализираат секој последен четврток во месецот, предвидува и дополнителни пратенички прашања каде што на посебна седница во текот на месецот со времетраење од два часа опозицијата ќе има можност да поставува прашања. [17] Пратеничките прашања се важна алатка за надзор врз работата на Владата, но и за барање одговорност од неа. Поради тоа, клучно е Собранието доследно да ги организира седниците за пратенички прашања.

Во овој периодот на набљудување јули – декември 2025 година, се одржаа пет седници на пратенички прашања, од кои три редовни седници и две дополнителни седници на пратенички прашања за опозицијата. Седниците на редовни пратенички прашања во септември и октомври 2025 година не се реализираа поради одлуката на Собранието да не заседава за време на изборната кампања за локалните избори.

Во однос на дискусијата на седниците на пратенички прашања покриени со набљудувањето, 57% од дискусијата беше посветена на поставување прашања и дополнување на прашањата, додека другиот дел на дискусијата е посветена на одговорите на пратеничките прашања (43%) од страна на претставниците на Владата. Споредено со сесиите на пратенички прашања кои се одржаа во минатиот период со новиот парламентарен состав, и тие одржани со минатиот парламентарен состав, може да се забележи дека ваквиот сооднос е паралелен и со практиката во претходните периоди на набљудување.

17 Деловник на Собрание на Република Северна Македонија, Пристапено преку: <https://shorturl.at/ht0cU>

**Графикон 5. Седници на пратенички прашања (%)**




## ▪ СТЕПЕН НА АРГУМЕНТАЦИЈА

Аргументи, според методологијата што ја разви Институтот за демократија за набљудување на квалитетот на дебатата во Собранието, се дефинираат како образложен обид да се убеди публиката да прифати одредена гледна точка за дебатлива теза. Оттука, аргументот се перцепира како причина зошто пратениците поддржуваат или спорат одредена теза. За аргументиран говор се смета тоа излагање што содржи тврдење – наслов на аргументот, реченица со која се афирмира или негира точката на дневен ред; објаснување – разјаснување и поврзување на тврдењето и неговата суштина, односно разложување и проникнување во суштината на аргументот и случајот и како тој ќе влијае; и докази – со тоа што аргументот би бил само празна фраза доколку не постои валидна и силна поткрепа со докази.

Врз основа на овие утврдени критериуми, во 30% од анализираните дискусии, учесниците не ги аргументираа своите излагања, додека во 49% од анализираните дискусии имаа слаба аргументација, односно говорниците понудија образложение за своите позиции што не е доволно да се смета за една целосна аргументација. Во 21% од набљудуваните дискусии говорниците користеа барем еден аргумент за да ја образложат нивната позиција. Нивото на аргументирање кај новиот собраниски состав во 2025 година бележи подобрување споредено со првото полугодие од нивниот мандат, и е видливо подобар од второто полугодие на 2023 година, кога во Собранието беше претходниот парламентарен состав.

> Во 21% од набљудуваните дискусии пратениците користат барем еден аргумент за образложување на своите ставови, што укажува на видливо подобрување на нивото на аргументација во однос на претходниот собраниски состав и почетниот период од мандатот.

**Графикон 6. Степен на аргументираност (%)**




Доколку се анализира степенот на аргументација на говорите според типот на говорите во дискусијата, можеме да забележиме дека аргументацијата е значително ниска во репликите и контрарепликите, во споредба со говорите. Така, само 14% од говорите се нотирани како неаргументирани, наспроти 39% од репликите и 59% од контрарепликите. Ваквото ниско ниво на аргументација во овој тип на излагања, значително придонесува кон ниската средна оцена на квалитет на дебата во Собранието. Од друга страна една третина (33%) од говорите се образложени со барем еден аргумент, наспроти 6% од репликите и 3% од контрарепликите.

> Ниското ниво на аргументација во репликите и контрарепликите, значително придонесува кон ниската средна оцена на квалитет на дебата во Собранието.

**Графикон 6.2 Степен на аргументираност на дискусиите според тип на говор (%)**



Доколку разгледуваме аргументирање на дебатата во Собранието врз основа на типот на говорник – пратеник или надворешен учесник, од вкупниот број набљудувани излагања на пратеници и надворешни учесници во дискусијата, 76% им припаѓаат на пратеници, додека 24% припаѓаат на надворешни учесници. Надворешни учесници се сите говорници во пленарните и комисиските седници што не го држат статусот пратеник, но имаат право на учество во собраниската дебата, како на пример премиерот, министри, претставници на регулаторни тела и агенции, претставници на граѓански организации итн.

Оттука, доколку се разгледува степенот на аргументирање според типот на говорник, можеме да забележиме дека надворешните учесници почесто користат аргументи во споредба со пратениците во дискусијата. Така, 27% од говорите на надворешните учесници се нотирани како аргументирани со еден аргумент, наспроти 20% од говорите на пратениците.

Надворешните учесници почесто користат аргументи во дискусијата, во споредба со пратениците.

**Графикон 6.3 Степен на аргументираност на дискусиите според типот на учесници во дискусијата (%)**




Доколку говорите дадени од страна на пратениците, се анализираат според политичка припадност на пратениците, 46% од дискусијата водена од пратениците од мнозинството е слабо аргументирана, додека во 40% не е идентификувано образложение во врска со темата на дискусија на седницата. Во 19% од дискусиите на мнозинството е идентификуван барем еден аргумент. Во однос на пратениците од опозицијата, 50% од говорите се карактеризираат со слаба аргументираност, додека во 27% од нивните дискусии не користеле аргументи. Во 23% од дискусиите на опозицијата е идентификуван барем еден аргумент.

Аргументација во излагањата е повидлива кај опозицијата наспроти мнозинството во овој период на набљудување.

**Графикон 7.** **Степен на аргументираност на дискусиите според политичка припадност на пратениците (%)**




Подеталната анализа, укажува дека од вкупниот број набљудувани говори изнесени од страна на пратеници, кои се поткрепени со барем еден аргумент, половина (49%) се изнесени од само осум пратеника. Така, 10% од вкупниот број набљудувани излагања изнесени од пратеници поткрепени со барем еден им припаѓаат на Сали Мурати, 9% на Јованка Тренчевска, по 7% им припаѓаат на Сонја Мираковска и Фатмир Битиќи, 5% на Оливер Спасовски, по 4% на Бојан Стојаноски и Сања Лукареска и 3% се изнесени од страна на Реџеп Исмаил.

**Графикон 7.1** **Пратеници со највисок удел во вкупниот број на говори поддржани со барем еден аргумент (%)**



## ▪ ОДГОВОРНОСТ

Во однос на тоа како пратениците одговараат на упатени аргументи од страна на други пратеници, набљудувањето забележува дека во 10% од нивните излагања, пратениците соодветно ги адресирале аргументите, односно пратеникот/пратеничката директно одговорил/а на аргументи што претходно му ги упатил друг учесник во дискусијата. Понатаму, во 23% од дискусијата пратениците делумно одговараа на упатените аргументи, а делумно ги извртува или игнорираа. Во 9% од случаите аргументите не беа игнорирани, но беа извртени, додека во 7% аргументите на другите пратеници беа целосно игнорирани. Во 51% од случаите немаше упатени аргументи или прашања од други пратеници, што посочува на генералното ниско ниво на дискусија. За разлика од претходните периоди на набљудување, во кои беше евидентиран континуиран тренд на подобрување, во овој период е забележан најнизок процент на соодветно адресирање на аргументите, паралелно со зголемен удел на говори во кои воопшто не се упатува на аргументите изнесени од друг говорник, што укажува на намалено соочување и појава на паралелна дебата.

> Во 10% од нивните излагања, пратениците соодветно ги адресирале аргументите, односно пратеникот/пратеничката директно одговорил/а на аргументи што претходно му ги упатил друг учесник во дискусијата.

**Графикон 8. Одговорност на пратениците (%)**



## СИЛА НА ПОДОБАР АРГУМЕНТ

Во овој период на известување, во набљудуваните дискусии не беше забележана промена на став кај пратениците поради подобри аргументи на соговорниците, што е на исто ниво со минатиот парламентарен состав. Во 64% од дискусиите не е забележана никаква референца за квалитетот на аргументите на другите пратеници, што е за 4 процентни поени повеќе од претходниот период. Во 5% од дискусијата, пратеници од различна политичка опција, иако не ја менуваа својата позиција, сепак го признаваа квалитетот и вредноста на аргументи на своите соговорници. Во делот на уважување на аргументите на соговорникот забележано е благо подобрување од минатиот период. Во 26% од дискусијата пратениците останаа на својот став и не ја признаа вредноста на аргументите на соговорниците.

> Во овој период на известување, во набљудуваните дискусии не беше забележана промена на став кај пратениците поради подобри аргументи на соговорниците.

**Графикон 9. Сила на подобар аргумент на пратениците (%)**



## ИЗВЕШТАИ НА НЕЗАВИСНИ И РЕГУЛАТОРНИ ТЕЛА

Од јули до декември 2025 година, беше набљудувано разгледувањето на осум извештаи од независни и регулаторни тела поднесени до Собранието. Во пет извештаи од независни и регулаторни тела дискусијата беше целосно изоставена, додека за останатите три извештаи дебатата може да се оцени како кратка и ограничена.

Разгледувањето на извештаите од независни и регулаторни тела во Собранието е од исклучителна важност, бидејќи обезбедува поголема транспарентност на работата на извршната власт, со тоа што и граѓаните би имале поголем увид во работата на независните и регулаторните тела.

Од четири набљудувани извештаи од независни и регулаторни тела, за три се водела слаба дискусија, додека за еден не се водела дискусија, воопшто.

**Табела 1. Извештаи од независни и регулаторни тела**

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1 | Годишен извештај за извршените ревизии и за работата на Државниот завод за ревизија за 2024 година<br>(набљудувана дискусија на пленарна седница бр. 68, одржана 12 септември 2025 година) | 3 | Годишен извештај за 2022 година и 2023 година за спроведување на Стратегијата за родова еднаквост 2022-2027 и Национален акциски план за родова еднаквост 2022-2024<br>(набљудувана дискусија на Комисија за еднакви можности на жените и мажите бр. 10, одржана на 25 декември 2025) |
| 2 | Годишен извештај за работата на Државниот совет за превенција на детско престапништво и правда за деца за состојбите во областа на правата на детето и детското престапништво за 2024 година<br>(набљудувана дискусија на пленарна седница бр.68, одржана 12 септември 2025 година) | 4 | Годишен извештај за работењето на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување во 2024 година и финансиски извештаи за 2024 година<br>(набљудувана дискусија на пленарна седница бр. 68, одржана на 1 септември 2025 година) |

Нема дискусија (1) · Слаба дискусија (2, 3, 4)

# V.

# ПОЧИТ, ПРЕКИНИ И ОГРАНИЧУВАЊА

# V. ПОЧИТ, ПРЕКИНИ И ОГРАНИЧУВАЊА

## ОДНОС КОН АРГУМЕНТИТЕ И ЛИЧНОСТА НА ПРАТЕНИЦИТЕ ОД ДРУГА ПАРТИЈА

Односот на говорниците кон личноста или аргументите на своите соговорници може да влијае врз целокупната атмосфера за дебата. Односно, изразените форми на непочитување може да го сменат текот на дискусијата и фокусот на пратениците од аргументи насочени кон напади и навреди, со што дополнително се поларизира атмосферата и се оневозможува суштинска дебата. Коректната атмосфера и меѓусебната почит претставуваат основен предуслов за развивање рационална и аргументирана дебата.

> Во повеќе од две третини од говорите (78%), пратениците воопшто не ги земаат предвид тврдењата и исказите на своите колеги.

Овој период, почитување кон аргументите е искажано во 2% од говорите. Делумното почитување било изразено во 5% од случаите, што е маргинално повеќе од претходниот период. Во периодот на набљудување, делумното непочитување на аргументите на соговорниците е повторно на високо ниво, достигнувајќи 10% од случаите, односно зголемување за 4% споредбено со минатиот извештај. Непочитување на аргументите во периодот јануари - јуни 2025 година е забележано во 8% од случаите. Сепак, најголем дел од аргументите на соговорниците (78%), остануваат нереференцирани од страна на нивните колеги.

**Графикон 10.** **Однос кон аргументи на пратеник/чка од друга партија (%)**



Кога станува збор за односот на пратениците кон личноста на своите соговорници, во само 2% од дискусијата е искажано почитување, односно има благо подобрување во споредба со претходниот период на набљудување. Делумно почитување било искажано во 10% од дискусијата, што претставува блага промена во однос на претходниот период. Делумното непочитување кон личноста на соговорникот е искажано во 7% од дискусијата, додека целосно непочитување има во 4% од говорите. Според овие резултати, воочливи се маргинално подобрените меѓучовечки односи на новиот пратенички состав. Пратениците во 78% од дискусијата не се осврнувале на личноста на нивните соговорници што претставува зголемување за 1% во споредба со претходниот период.

**Графикон 11. Однос кон личност на другите пратеници/пратенички (%)**




Во периодот јули – декември 2025 година, пратениците во 78% од своите говори, не се осврнаа кон аргументите и личноста на соговорникот од друга политичка опција. Поголема почит е забележана спрема личноста наспроти аргументите на соговорниците, укажува дека пратениците за блага нијанса повеќе се осврнуваат кон содржината на говорите отколку на личните карактеристики на соговорникот.

**Графикон 12. Однос кон аргументи и личност на другите пратеници/чки (%)**



## ▪ ОДНОС КОН АРГУМЕНТИ И ЛИЧНОСТ СПОРЕД ТИПОТ НА УЧЕСНИЦИ ВО ДИСКУСИЈАТА

Во однос на аргументите, **во 3% од говорите на власта и 4% од одговорите на опозицијата, е искажано целосно или делумно почитување.** Во 27% од дискусиите власта искажала непочитување или делумно непочитување кон аргументите на нивните соговорници, додека тоа е случај со 19% од дискусиите на опозицијата. Пратениците од мнозинството немаат референца кон аргументите на другиот во две третини од набљудуваните дискусии (69%). Опозицијата немала референца кон аргументите на другиот во 77% од дискусиите.

> Во најголем дел од нивните дискусии пратениците од власта и опозицијата не се осврнаа кон аргументите на надворешните учесници.

**Графикон 13. Однос кон аргументи на надворешни учесници (%)**




Пратениците од власта во 92% од дискусиите немале референца кон личноста на надворешните учесници, во 6% од излагањата искажале делумно или целосно почитување, додека во 1% од говорите искажале делумно непочитување. Од друга страна, пратениците од опозицијата не искажале однос кон личноста на надворешните учесници во 88% од дискусиите. Во 3% од случаите опозицијата покажала делумно почитување или почитување кон личноста на надворешните учесници, додека делумно непочитување или непочитување кон личноста на надворешниот учесник искажале во 1% од дискусиите.

**Графикон 14. Однос кон личноста на надворешните учесници според политичка припадност (%)**




Пратениците и во овој, како и во претходните периоди, ретко користеа приказни, анегдоти или сведоштва во своите дискусии. Такви елементи се забележани во 4% од дискусиите.

> Пратениците се генерално слободни и неограничени во искажувањето на нивните ставови на говорница.

Во дискусиите не е забележан прекин во излагањата на говорниците од страна на други пратеници. Во 3.5% од дискусиите забележано е ограничување на говорникот во неговото изразување, од кои најголем дел станува збор за пасивно попречување на говорникот. Во најголем дел од излагањата (61%) на говорниците има гестикулации во прилог на нивниот говор, додека во 5% од дискусиите се забележува користење реквизити во дискусијата. Во 33% нема експлицитни гестикулации, додека во 2% гестикулациите се насочени кон други.

# VI.

# МАРГИНАЛИЗИРАНИТЕ ГРУПИ ВО СОБРАНИЕТО

# VI. МАРГИНАЛИЗИРАНИТЕ ГРУПИ ВО СОБРАНИЕТО

> Пратениците се осврнуваа на правата и потребите на маргинализираните групи во 21% од нивните излагања, што претставува подобрување од минатиот период кога овој процент изнесуваше 13%.

При набљудувањето на квалитетот на дебатата во Собранието, во анализата ги вклучивме и маргинализираните групи и колку пратениците се осврнуваат на нивните потреби и права во нивните излагања. За овој период на набљудување, пратениците се осврнуваа на правата и потребите на маргинализираните групи во 21% од нивните излагања што претставува подобрување од минатиот период кога процентот беше 13%. Забележано е дека пратениците во најголем дел од нивните излагања не се осврнуваат кон правата на маргинализираните групи, доколку специфично не се дискутира за одреден закон или тема на дневен ред поврзано за нивните права. Имајќи предвид дека поголем дел од законите различно влијаат врз различни групи граѓани, при разгледување на точките на дневен ред, пратениците треба да се осврнуваат на повеќе аспекти кои потенцијално можат да влијаат врз граѓани од маргинализирани групи. Во набљудуваните дискусии во овој период, најмногу вклучени во дискусијата, иако во мал процент, се младите (12.8%), жителите на рурални области (2.5%) и жените (2.4 %). Како и во минатиот период, самохраните родители и ЛГБТИ+ заедницата се најзапоставени маргинализирани групи во излагањата на пратениците, со само 1 говор за првите и ниеден за вторите.

Иако пратениците генерално ретко се осврнуваат на правата на маргинализираните групи и заедници, сепак пратеничките почесто се осврнуваат на овие заедници за разлика од нивните колеги пратеници. Така, 55% од вкупниот број излагања во кои се вклучени маргинализираните лица, се изнесени од пратенички.

▶

**Табела 2.**

| Маргинализирани групи | Излагања (%) | Излагања (број) |
|---|---|---|
| Млади | 12.8 | 181 |
| Жители на рурални области | 2.5 | 35 |
| Жени | 2.4 | 34 |
| Возрасни лица | 2.3 | 32 |
| Корисници на социјална помош | 2.1 | 30 |
| Лица со попреченост | 1.7 | 24 |
| Роми | 0.2 | 3 |
| Невработени | 0.3 | 4 |
| Самохрани родители | 0.1 | 1 |
| ЛГБТИ+ | 0 | 0 |
| Друго | 1.5 | 21 |
| Нема осврнување на маргинализирани групи | 79.2 | 1118 |

# VII.

## ДЕМОГРАФИЈА НА ГОВОРНИЦИ

# VII. ДЕМОГРАФИЈА НА ГОВОРНИЦИ

Демографската структурата на говорниците, во однос на етничка припадност, пол, образование и изборна единица на говорниците е значително променета во споредба со првата половина од 2025 година. Пратениците од македонската етничка заедница учествува во 62% од вкупната дебата, пратениците од албанската етничка заедница во 26%, додека учеството на останатите етнички заедници е забележано во 12% од дискусијата. Најактивни се пратениците од изборните единици 1 (16%), 2 (31%) и 6 (18%). Учеството на жените во дискусијата како и во минатиот период е околу 36%, што е значително помалку од минатите години кога достигна 43%.

**Графикон 16. Демографија на говорници (%)**



# VIII.

## ПРЕПОРАКИ

# VIII. ПРЕПОРАКИ

Културата на дебатирање на пратениците во нашето Собрание, поткрепена со јасни и цврсти аргументи со кои директно се поддржува застапуваниот став, е на релативно ниско ниво. **Извештаите на Институтот за демократија за квалитетот на дебатата во актуелниот парламентарен состав, укажуваат дека доминантен број од дискусиите што се одвиваат во Собранието се генерално слабо аргументирани, особено во делот на репликите и контрарепликите**. Со други зборови, најголем дел од позициите кои пратениците ги застапуваат во Собранието, не се засноваат цврсто на докази и во однос на нив не се понудени соодветни образложенија. Од овие причини, неопходно е зголемување на квалитетот на дебатата и нивото на аргументираност на говорите на пратениците во Собранието. Овој извештај за квалитет на дебата во оваа секција вклучува неколку препораки, но и достапни алатки кои им стојат на располагање на пратениците за постигнување повисоко ниво на квалитет на дебата.

**Зголемување на информираноста и знаењата за темите што се предмет на дискусија, како и подобрување на дебатните и ораторските вештини на пратениците значително можат да придонесат кон поквалитетна дебата во Собранието**. Парламентарниот институт (ПИ) и Парламентарната буџетска канцеларија (ПБК) кои функционираат во рамките на Собранието, нудат услуги со кои може да се адресираат овие потреби на пратениците. Имено, ПИ и ПБК вршат истражувања на теми од интерес за пратениците, додека ПИ нуди и едукација и обуки во специфични области. Од овие причини, потребно е поголемо и поефективно искористување на услугите на ПИ и ПБК.

**Собранието треба активно да го применува процесот на Процена на влијанието на регулативата (ПВР), преку што значително би се зголемиле квалитетот и аргументираноста на дискусиите**. ПВР придонесува кон подобрување на квалитетот на одлучување за регулативите, обезбедувајќи информации за ефектите и последиците од новите регулаторни мерки и врши процена и следење на постојните регулативи. Оваа алатка се користи од страна на Владата, како доминантен предлагач на законски решенија во државата, но не и од страна на Собранието. Од овие причини, Собранието е ставено во улога на евалуатор на владините предлози, но е генерално недоследно во оваа улога, бидејќи аргументацијата на пратениците е недоволно фокусирана на содржината на предложените регулативи или дискусијата е слабо аргументирана.[18] Оттука, примена на ПВР во Собранието и активно практикување на ПВР од пратениците како предлагачи на законски решенија, ќе овозможи поаргументирана дискусија и носење информирани одлуки.[19] Во оваа насока истражувањата на Парламентарниот институт (ПИ) и Парламентарната буџетска канцеларија (ПБК) кои функционираат во рамките на Собранието можат да придонесат до сеопфатност на процесот на ПВР.

18 Димески, Јане, „Рововска дебата – анализа на квалитетот на дискусијата во Собранието јуни 2014 – мај 2015“, ИДСЦС, (2015), достапно на <https://idscs.org.mk/wp-content/uploads/2009/08/rovovska-debata-mk.pdf>

19 Близнаковски, Јован „Компаративни добри практики на примена на ПВР и можност за нивна имплементација во Македонија“, ИДСЦС, (2017), достапно на: <https://idscs.org.mk/wp-content/uploads/>

**Пратениците треба внимателно и минимално да ја користат скратената постапка и постапката на разгледување на предлог-законите со европското знаменце**. Скратената и итната постапка го намалуваат времето за дебата, предвидуваат пократки рокови за завршување на дискусијата, а во некои случаи се гласа и без дискусија. Во претходните години на мониторинг на квалитет на дебата, но и во zпостоеше прекумерна употреба на постапката со европско знаменце.[20] Иако овој тренд не беше забележан во последната година на набљудување, потребна е претпазливост за да се обезбеди сигурност дека ваквата практика нема да се повтори. Злоупотребата на овие механизми ја ограничува дебатата меѓу пратениците, негативно се одразува врз нејзиниот квалитет, го ускратува правото на говор на пратениците и ги лишува од донесување информирани одлуки. Ваквата злоупотреба неизбежно резултира со избрзани и неподобни законски решенија. Истовремено, ваквите пракси придонесуваат до понегативна перцепција од страна на граѓаните на Република Северна Македонија.

**Зголемувањето на надзорната улога на Собранието е особено важно во контекст на стратешките мерки што ги презема Владата, како што е Реформската агенда во рамките на новиот План за раст**. Собранието, како претставнички и надзорен орган, треба проактивно да следи и да оценува како Владата ги креира, спроведува и надградува овие стратешки политики. Ова подразбира не само разгледување на извештаи туку и организирање тематски расправи, поставување прецизни пратенички прашања и користење на механизмите за политичка одговорност. Воедно, од клучно значење е навремено вклучување на Собранието во фазата на планирање и усвојување на реформите, со цел да се обезбеди транспарентност, отчетност и поширок политички и општествен консензус околу реформските процеси кои директно влијаат врз економскиот и институционалниот развој на државата.

**Суштински е пратениците да се надградат со стручност и разбирање за *влијанието на законите врз животот на различни групи граѓани***. Делумно, тоа можат да го постигнат со користење на анализите на Парламентарниот институт и Парламентарната буџетската канцеларија (ПБК). Дополнително, потребно е, исто така, да ги побараат ПВР-извештаите подготвени од страна на Владата и да се консултираат со искусни собраниски службеници, граѓаните и невладиниот секторот за влијанието на законите. Во текот на дебатата додатна вредност е користењето примери од искуствата, грижите или интересите на избирачите (канцеларија за комуникација со граѓани, лични приказни, медиумски стории, локални бизниси), како и реагирање и соодветно справување со *сексистички или дискриминаторски* забелешки или говор во Собранието. Во оваа насока додадена вредност би било искористувањето на механизмот за законодавни јавни расправи уредени со Деловникот на Собранието каде што матичните комисии може да организираат јавна расправа по однос на предлог-закон.

[20] Мета (2023). Гир: Загриженоста за користењето европско знаменце е кога нема усогласување со европската регулатива. Пристапено на: <https://meta.mk/gir-zagrizhenosta-za-koristenjeto-evropsko-znamence-e-koga-nema-usoglasuvanje-so-evropskata-regulativa/>

**Пратениците, освен експертизата на ПИ и ПБК, имаат неколку алатки на располагање за зајакнување на капацитетите за разгледување и дебатирање по закони, меѓу кои и обуките што ги нуди Програмата за парламентарна поддршка (ПСП), поддржана од страна на Швајцарската агенција за развој и соработка (СДЦ)**. Оваа програма може да им обезбеди на пратениците обуки за анализа на политики и усогласување со ЕУ-законодавство, обуки за анализа на влијанието на законите (ПВР), влијанието врз родовата еднаквост и буџетските импликации на законите, симулации на ПВР за собраниската служба и собраниски канал, поддршка на Собранието за вклучување на ПВР за предложени закони, како и јакнење на знаењата и вештините за водење аргументирана дебата, вклучувајќи и вештини за јавно говорење и соработка со медиумите. Секој новоизбран парламентарен состав, како актуелниот што е предмет на набљудување во овој извештај, во своите редови има значителен процент на пратеници кои се наоѓаат во оваа функција за првпат. За овие пратеници, покрај редовните воведни обуки, треба особено да им се стави во фокусот начинот на кој треба да ги изнесуваат и оправдуваат своите ставови, како и да им се воочат алатките кои им стојат на располагање за поддршка при спремањето на своите говори и постојните механизми за усовршување на нивните излагања. Овој извештај може да служи како референтна точка за увид во тоа дали новите пратеници (па и сите пратеници генерално), при преглед на квалитетот на нивните излагања на почетокот и на крајот на мандатот, со текот на годините ги подобруваат своите ораторски вештини, како и начинот и поткрепата на нивните излагања.

**Конечно, потребно е воведување календар на собраниски седници. Новиот Деловник на Собранието ја предвидува оваа алатка, останува одлучноста да ја воведат и стават во функција. Преку календарот на седници ќе се овозможи предвидливост на работата на Собранието, како и повеќе време за пратениците за спремање околу точките на дневен ред**. Со времето на располагање и поголемата предвидливост, пратениците ќе можат навремено да се информираат околу предлог-законите, измените и дополнувања на закони, извештаите на регулаторни и независни тела и други акти во Собранието. Предвидливоста на седниците ќе придонесе за поквалитетна и аргументирана дискусија.

# IX. ПРИЛОГ 1 – ИНДЕКС НА КВАЛИТЕТ НА ДЕБАТА

Индексот на квалитет на дебата е композитен индекс составен од повеќе индикатори што произлегуваат од набљудувањето на дебата. Индексот настанува низ неколку фази каде што последната е збир од пондерирани вредности на поединечните индикатори. Во индексот влегуваат:

**Табела 1.**

| Име | Скала | Учество во финалниот збир (%) |
|---|---|---|
| Степен на образложение | [-1:1] | 20 |
| Опфат на образложение | [-1:1] | 5 |
| Одговорност | [-1:1] | 20 |
| Сила на подобар аргумент | [-1:1] | 20 |
| Однос кон учесници од друга партија | [-1:1] | 10 |
| Однос кон аргументи на учесници од друга партија | [-1:1] | 10 |
| Однос кон надворешни учесници | [-1:1] | 2,5 |
| Однос кон аргументи на надворешни учесници | [-1:1] | 2,5 |
| Прекин | [-1:1] | 5 |
| Ограничување | [-1:1] | 5 |

За потребите на индексирање, кај секој од индикаторите беа доделени оценки за поединечните категории. Оценките се дадени во следната табела:

**Табела 2.**

| Степен на образложение | оцени |
|---|---|
| повеќе од 2 аргумента | 4 |
| 2 аргумента | 3 |
| 1 аргумент | 2 |
| слабо | 0 |
| нема | -2 |

| Опфат на образложение | оцени |
|---|---|
| апстрактни принципи | 2 |
| општо добро | 2 |
| други групи | 1 |
| сопствена група | 1 |
| неутрално | 0 |

| Одговорност | оцени |
|---|---|
| адресира аргументи соодветно | 2 |
| делумно ги игнорира, изврттува, адресира аргументите | 1 |
| не се упатени аргументи прашања од друг говорник | 0 |
| игнорира аргументи | -1 |
| не игнорира арг., но ги изврттува | -2 |

| Сила на подобар аргумент | оцени |
|---|---|
| промена поради аргументи | 5 |
| нема промена, со различна позиција, признава аргументи | 3 |
| нема промена, останува на позиција, признава аргументи | 1 |
| нема промена, не признава аргументи | 0 |
| Промена, ама не поради аргументи | 0 |
| нема референца | 0 |

| Однос кон учесници од друга партија | оцени |
|---|---|
| експлицитно почитување | 2 |
| почитување | 2 |
| делумно почитување | 1 |
| нема референца | 0 |
| делумно непочитување | -1 |
| непочитување | -2 |

| Однос кон надворешни учесници | оцени |
|---|---|
| експлицитно почитување | 2 |
| почитување | 2 |
| делумно почитување | 1 |
| нема референца | 0 |
| делумно непочитување | -1 |
| непочитување | -2 |

| Однос кон аргументи на учесници од друга партија | оцени |
|---|---|
| експлицитно почитување | 2 |
| почитување | 2 |
| делумно почитување | 1 |
| нема референца | 0 |
| делумно непочитување | -1 |
| непочитување | -2 |

| Однос кон аргументи на надворешни учесници | оцени |
|---|---|
| експлицитно почитување | 2 |
| почитување | 2 |
| делумно почитување | 1 |
| нема референца | 0 |
| делумно непочитување | -1 |
| непочитување | -2 |

| Ограничување | оцени |
|---|---|
| нема | 0 |
| има пасивно попречување | -1 |
| има говорникот укажува дека е попречен | -1 |
| има физички прекин | -1 |
| делумно непочитување | -2 |

| Прекин | оцени |
|---|---|
| нема прекин | 0 |
| има прекин | -1 |

Секој од овие индикатори беа линеарно трансформирани во подиндекси на скала од -1 до 1 водејќи сметка при трансформацијата оригиналната оценка да не го загуби позитивниот или негативниот знак. Оттука универзалната формула на трансформација е:

$$i = \frac{2 \times \text{indicator}}{(\max - (-max)}$$

за сите индикатори, освен за прекин и ограничување бидејќи кај овие два индикатора апсолутната вредност на најниската можна оценка е поголема од вредноста на највисоката можна оцена. Оттука формулата е:

$$i = \frac{2 \times \text{indicator}}{(|\min\ | - (\ min\ )}$$

Откако ќе се пресметаат подиндексите на одделните индикатори, за пресметка се пресметува збир preDQI со пондерирани вредности на подиндексите според учеството дадено во табела 1.

За полесна прегледност финалниот DQI се трансформира линеарно во скала од 1 до 10 според следната формула:

$$DQI = \frac{(10\ -1)}{(1-(-1)) \times (\ preDQI-1\ ) + 10}$$

Овие пресметки и трансформации се прават за секој говор одделно, а во извештајот се пренесува аритметичката средина на сите говори од набљудуваниот период.

# ИНФОРМАЦИИ ЗА ПРОЕКТОТ

Швајцарската Програма за парламентарна поддршка (ППП) ќе ги поддржи напорите на Собранието на Република Северна Македонија за независност преку градење консензус, структурни реформи и градење на капацитетите во институционалниот развој на Собранието; во неговите законодавни и надзорни улоги и во неговата институционална транспарентност и отчетност. ПСП се спроведува од страна на Националниот демократски институт, Институтот за демократија „Социетас цивилис" - Скопје и Центарот за управување со промени, за поддршка на стратешкото планирање на Собранието; за реформи во управувањето со човечките ресурси; за подобрена процена на влијанието на регулативата и процесите за набавка; за посветеност кон отворени податоци и преку мерењето на јавното мислење и следењето на напорите за реформи, вклучително и за поголемо граѓанско ангажирање во процесите за креирање политики.

# ИНФОРМАЦИИ ЗА НДИ

Од своето основање во 1983 година, Националниот демократски институт (НДИ) работи на зајакнување на демократијата и поддршка на инклузивното политичко учество низ целиот свет. Институтот е активен во Северна Македонија од 1993 година, соработувајќи со граѓаните, граѓанското општество, политичките партии, медиумите и институциите за градење на потранспарентни, одговорни и отпорни демократски практики. Денес, НДИ ја спроведува Програмата за парламентарна поддршка и иницијативите „Заедници со интегритет", поддржани од Владите на Швајцарија и Шведска, со цел унапредување на посилно демократско управување и интегритет на национално и локално ниво.

**Контакт-податоци за НДИ**

Адреса: ул. Лазар Личеноски 13, 3 кат, 1000 Скопје
електронска пошта: ndimacedonia@ndi.org

# ИНФОРМАЦИИ ЗА ИДСЦС

Институтот за демократија „Социетас цивилис“ Скопје (ИДСЦС) е тинк тенк организација која го истражува развојот на доброто управување, владеењето на правото и европските интеграции на Северна Македонија. Мисијата на Институтот за демократија е да помогне во граѓанската вклученост во носењето одлуки и да ја зајакне партиципативната политичка култура. Преку зајакнување на слободарските вредности, Институт за демократија придонесува за соживот помеѓу различностите.

ИДСЦС, од јуни 2014 година, го следи квалитетот на дебатата во Собранието и медиумското известување за работата на Собранието. Набљудувањето во првиот циклус се одвиваше во текот на 10 месеци, односно од јуни 2014 до мај 2015 година. Од септември 2015 година следуваше вториот период на набљудувањето и оценувањето на квалитетот на парламентарната дебата и на медиумското известување, поддржано од Швајцарската агенција за развој и соработка, кој траеше до декември 2017 година. Третиот период на набљудување на квалитетот на дебатата почна во јануари 2018 година и траеше до декември 2019 година. **Од јануари 2020 година, Институтот за демократија ја набљудува работата на Собранието и квалитетот на дебатата во рамките на Програмата за парламентарна поддршка (ПСП).**

**Контакт-податоци за ИДСЦС**

Адреса: ул. Мирослав Крлежа бр. 52/1 /2,
1000 Скопје
Тел. бр./факс: +389 2 3094 760 ,
електронска пошта: contact@idscs.org.mk